Проектот е финансиран
од Европската Унија

„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата"

# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА
# ИЗБОР НА НАДВОРЕШЕН СОРАБОТНИК
# ЗА ПОДГОТОВКА НА
# ИМПАКТ ЕВАЛУАЦИЈА ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

## ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

## „МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ЗА СИЛЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА"

Прилеп,
јуни, 2024 година

## 1. ПОЗАДИНА

Проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата" има за цел да придонесе кон независно и одржливо граѓанско општество поддржано од погодна средина која поттикнува партиципативни и родово-сензитивни процеси на креирање младински политики.

Проектот се спроведува од страна на Коалиција на младински организации СЕГА како водечки партнер, во партнерство со Женски Форум Тетово, СОС Детско Село и Волонтерски Центар Скопје.

Целта на проектот е да го подобри квалитетот на имплементацијата на младинската политика заснована на структурна соработка и суштинско учество на вмреженото граѓанско општество. За да се постигне целта, проектот:

- Ќе ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за независно и ефективно влијание врз донесувачите на одлуки поврзани со младински прашања врз основа на докази и преку локално вмрежување
- Ќе ги подобри граѓанските компетенции на младите мажи и жени за суштинско учество во секојдневниот живот на демократската заедница користејќи иновативни модели преку родово сензитивни и мировни пристапи
- Ќе ги оспособи јавните институции да развиваат и спроведуваат информирани и квалитетни јавни политики поврзани со младите засновани на еднакви можности преку одржливо партнерство со локалното граѓанско општество.

Со донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики (ЗМУМП) во јануари 2020 година, се очекуваше да се унапреди креирањето и спроведувањето на политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите. Согласното предвиденото, ЗМУМП треба да придонесе кон зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога. Меѓутоа, и по повеќе од 4 години од неговото донесување законот се е се уште целосно применет во практика.

Според тоа, а во насока на унапредување на процесите за креирање политики за млади како и законска регулатива поврзана со младинскиот развој, Проектот објавува јавен повик за надворешен соработник - експерт за подготовка на Евалуација од влијанието на досегашната примена на ЗМУМП, претставувајќи ресурс при подобрување на неговата примена во иднина.

При евалуацијата главен фокус треба да се даде на нивото на промена во практиките и делувањето на релевантните чинители како резултат на законот, нивото на квалитет на учество во процесот на донесување одлуки и креирање политики поврзани со млади. Евалуацијата треба да даде одговор на петте основни критериуми за евалуација: ефикасност, ефективност, влијание, релевантност и одржливост.

## 2. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

Ангажираниот експерт/ка ќе биде одговорен/на за следните задачи:

**Усогласување на методологија за евалуација (2 денови):**

- Подготовка на листа на документи за анализа на законска регулатива, стратешки документи на локално и национално ниво поврзани со Законот за младинско учество и младински политики
- Подготовка на водич за интервјуа со институции (национални институции, општини), граѓански организации и членови на локални младински совети, вклучително и предлог листа за интервјуа*
- Подготовка на структура на извештајот од евалуација

**Прибирање на податоци (13 денови)**

- Анализа на документација врз основа на одобрена листа на документи
- Интервјуа со чинители врз основа на одобрена листа за интервјуа**

**Подготовка на извештај – Импакт евалуација (5 денови)**

- Обработка на информации од сите поглавја од ЗМУМП
- Оценка на влијанието од ЗМУМП врз делувањето на институциите, граѓанските организации кои работат со млади, институциите, локалните младински совети и другите чинители.
- Формулирање на препораки за унапредување на примената на ЗМУМП

** При подготовката на предлог методологијата, експертот може да предложи и други алатки за прибирање податоци*
*** При интервјуата треба да се земат предвид сите 8 плански региони, обезбедувајќи рамномерна застапеност на чинители согласно територијалното делување*

**Период на испорака:** 20 работни денови во периодот 12 јуни – 19 јули 2024 година.
**Обем на прирачник:** Содржината на финалната верзија се очекува да биде помеѓу 30 – 40 страници (А4 формат, 1800 карактери со место).

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА

**Кандидат(к)ите треба да ги поседуваат следниве квалификации и вештини:**

- Најмалку високо образование. Магистратура и/или докторски студии во областа за работа ќе се смета за предност.
- Најмалку 5 години искуство во подготовка на анализи и извештаи од истражувања;
- Напредни истражувачки и аналитички способности
- Познавање на полето млади и младинска политика на национално ниво. Вклученост во разни процеси за креирање политики за млади ќе се смета за предност.
- Квалитет на предлог методологијата за импакт евалуација

Апликантите кои нема да достават комплетна документација ќе бидат одбиени. Документите треба да бидат испратени на македонски јазик.

## 4. ВРЕМЕНСКА РАМКА и НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Надворешниот соработник ќе биде ангажиран за период од **20 работни денови.** За секој работен ден предвиден е надоместок од **150 евра во бруто износ, односно 3000 евра вкупно во бруто износ** кои ќе бидат исплатени во денарска противредност после комплетирање на задачата (доставена временска табела, Изјава за извршена работа и одобрен извештај од евалуација).

## 5. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Овој повик е јавен. Секој што ги исполнува потребните квалификации може да се пријави на овој повик со поднесување на следните документи:

- Професионална биографија (ЦВ)
- Мотивациско писмо
- Референта листа на слични ангажмани и детали за контакт од минимум 2 клиенти.
- Предлог методологија за импакт евалуација (не повеќе од 2 страни).

** Дозволено е и аплицирање во тим од повеќе експерти со јасна распределба на одговорност, дефинирана во предлог методологијата за импакт евалуација.*

Документацијата треба да се достави на следната е-маил адреса: sega@sega.org.mk со назнака: Пријава на јавен повик за надворешен соработник

**Краен рок за доставување на апликациите е 11 јуни 2024 година.**

Апликациите кои ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.

Апликантите ќе бидат информирани за исходот од постапката на евалуација.

За подетални информации може да не контактирате на е-маил адреса: sega@sega.org.mk, најдоцна до 07.06.2024 година.